Civil society organizaton
“ECO LOGIC“ Skopje
Street: Branislav Nushikj, 13-1/17, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: 389 02 609 1776/ 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

# ПРОЕКТЕН АСИСТЕНТ И/ИЛИ ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР

## Одржлив транспорт и Велосипедизам

Здружението на Граѓани ЕКО ЛОГИК, има потреба од нови членови во тимот кои ќе се вклучат во планирање, креирање и имплементација на активности кои се дел од тековното работење на здружението, со акцент на проекти и проектни активности во следниве области:

**1) Одржлив транспорт**

**2) Велосипедизам**

кои се поврзани со една и/или повеќе од следните теми:

а) Животна средина и климатски промени
б) Цели за одржлив развој
в) Социјално претприемништво
г) Учење во природа
д) Развој на заедници
ѓ) Учење низ игра / game based & interactive learning and teaching
е) неформално образование – општо

**Важно: кандидатите може да се пријават во една или двете горенаведени области, согласно нивната експертиза и досегашно искуство.**

**Цели и одговорности на работното место:**

- Се вклучува во тековни, и планира идни проекти/или проектни активности како дел од работењето на Здружението Еко логик, со акцент на активности поврзани со областите “Одржлив транспорт“ и “Велосипедизам“.
- Вклученост во планирање и координација на мрежата на “Вело Училишта“ (www.veloschools.mk)
- Одржува ефективна комуникација и работни односи со целната група и партнерите (брза, навремена и ефективна комуникација по мејл и телефон);
- Креира и следи временска рамка на активности (или следи веќе постоечка) и имплементира на активности согласно истата;

- Идентификува потребни ресурси за непречено работење и реализација на проектите и проектните активности и согласно на истите предложува начин на реализација на активностите;
- Организира и координира  разни типови на настани што се однесуваат на активностите во кои лицето е вклучено (промоција на продукти, публикации, анализи,  дебати, работилници, итн);
- Редовно известува и информира за работата пред раководниот тим;
- Во соработка со координаторот на програмските активности ќе го следи и оценува напредокот на активностите во кои е вклучен/а;
- Во соработка со координаторот на програмските активности ќе биде вклучен во подготвувањето на извештаите за донаторот и организацијата;
- Други активности во согласност со потребите на организацијата и нејзиниот тим;
- Се прилагодува на тековните процедури на работење во Здружението на Граѓани Еко Логик;
- Способност за самостојна работа, планирање и реализација на обврските и задачите.

**Потребни вештини и квалификации:**

- Минимум 2 години работно искуство во вклученост, планирање и спроведување на проекти и проектни активности од различни донатори / но, не е ограничувачки фактор
- За областите наведени во повикот (одржлив транспорт и велосипедизам) потребно е соодветно претходно искуство и знаење, кое може да биде во различна форма (искуство во неформално и/или формално образование во наведените области – да се наведе  во кратката биографија и/или дополнително да се објасни по мејл).
- Познавање на легислатива и останати стратешки документи (урбано планирање поврзано со мобилност) во областа на транспорт / не е ограничувачки фактор
- Одлично познавање на разните типови на транспорт, со акцент на велосипедот како алатка за транпсорт, спорт и рекреација, алатка која придонесува кон заштитата на животната средина
- Одлично познавање на англиски јазик – говорен и пишан
- Одлично познавање на работа со MS Office (Word, Excel, Power Point), интернет алатки Google Drive, ZOOM и останати, итн.;
- Способност за планирање, организирање и извршување на задачи;
- Одлични комуникациски вештини;
- Професионален и позитивен однос;
- Поседува структуриран начин на работа;
- Способност за работа во динамична работна средина, некогаш под притисок и во кратки рокови согласно барањата на проектите и/или проектните активности;
- Диплома за завршено високо образование е предност, но не е ограничувачки фактор

Civil society organizaton
“ECO LOGIC“ Skopje
Street: Branislav Nushikj, 13-1/17, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: 389 02 609 1776/ 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

- Дополнително стекнато образование преку разни неформални и/или формални обуки (тренинзи, курсеви и останата доквалификација и стекнато образование – формално или неформално ќе се земе во предвид при одлучувањето);
- Изградени способности за тимска работа;
- Отвореност за патување во, и надвор од Република Македонија;
- Државјанство на Република Македонија;
- Активен велосипедист 😊

**Што нудиме:**

- Динамична средина во која креативноста, проактивноста и желбата за самонадградба и иновации се составен дел од работата;
- Професионален развој, учество на обуки, семинари и конференции;
- Менторирање од страна на постоечкиот кадар на Здружение на Граѓани Еко Логик;
- Пријатна работна атмосфера
- Плата во зависност од  искуството, знаењето и стекнатите вештини во наведените области (училишно образование, образование за возрасни и стручно образование).

- **Важно: кандидатите може да се пријават во една или двете горенаведени области, согласно нивната експертиза и досегашно искуство.**

**Логистички информации поврзани со работниот ангажман:**

- Избраното лице е планирано да почне со работа од 01.04.2022 година (со можност на поместување на почетокот – порано или подоцна, доколку тоа е навистина неопходно);
- Дневното работно време на оваа позиција е 8 часа, со работно време од 09:00 до 17:00 часот;
- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), со предвидено неделно водење на извештај за реализирани задачи;
- Физичкото присуство е задолжително, но во одредени ситуации работата ќе може да се извршува и онлајн.

Civil society organizaton
“ECO LOGIC“ Skopje
Street: Branislav Nushikj, 13-1/17, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: 389 02 609 1776/ 389 78 365 902
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

**Испратете го Вашето CV и мотивациско писмо (до 500 зборови) на ecologic.mk@gmail.com со наслов: Апликација за Проектен Асистент и/или Проектен Координатор во областа на одржлив транспорт/ велосипедизам.**

**Краен рок за аплицирање е 18.03 2022.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат контактирани и повикани на интервју (онлајн и/или физички).

За повеќе детали околу нашата работа ве охрабруваме да ги посетите нашите веб страни:

www.ecologic.mk

www.veloschools.mk

Со почит,

Тимот на ЕКО ЛОГИК